**Број 19 Година IX**

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА КАРПОШ

СКОПЈЕ

*ул.Радика бр.9 бараки бр.1 и бр.2 тел. 02/3055 -903, факс: 02/3062-925*
*www.karpos.gov.mk; sovet@karpos.gov.mk*

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013 и 15/2014), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлуката за донесување на Детален урбанистички план за Градска Четврт ЦС 15 – Криви Дол, Општина Карпош - Скопје**

1.Се објавува Одлуката за донесување на Детален урбанистички план за Градска Четврт ЦС 15-Криви Дол, Општина Карпош-Скопје, донесена на дваесет и седмата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 30 декември 2014 година.

2. Ова решение влегува во сила до денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 09-9317/1**
**Датум: 31.12.2014 год.**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002) и член 26, став 4, алинеја 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија“ бр.51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/12, 55/13, 163/13 и 42/14), Советот на Општина Карпош, на дваесет и седмата седница одржана на 30.12.2014 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за донесување на Детален урбанистички план за Градска Четврт ЦС 15 – Криви Дол, Општина Карпош - Скопје**

**Член 1**

Со оваа Одлука се донесува Детален урбанистички план за Четврт ЦС 15 – Криви Дол, Општина Карпош,Скопје.
Деталниот урбанистички план е изработен според одредбите за спроведување на Генералниот урбанистички план на Град Скопје, Законот за просторно и урбанистичко планирање, Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање и Правилникот за поблиска содржина и начинот на графичка обработка на плановите и за начинот и постапката за донесување на урбанистички планови.

**Член 2**

Просторот за кој се донесува Деталениот урбанистички план е дефиниран од запад и северо-запад е ограничен по осовината на Бул. „8-ми Септември“, од северо-исток по осовината на Бул.„Никола Карев“ и дел по границите на КП 7090, КП 456, КП 458, КП 459 и од југо-запад и југо-исток по осовина на коритото на реката Вардар.

Површината на урбаниот опфат изнесува 22.2 ха.

**Член 3**

Опфатот на Деталниот урбанистички план ги содржи следните намени: домување во станбени куќи, домување во станбени згради, големи трговски единици, хотелски комплекси, складишта, парковско зеленило, заштитно зеленило, комунална инфраструктура и комунална супраструктура.
Во рамките на планот се предвидени следните класи и намени на земјиштето:

- А1 – домување во станбени куќи
- А2 – домување во станбени згради
- Б2 – големи трговски единици
- Б5 – хотелски комплекси
- Г4 – складишта
- Д1 – парковско зеленило
- Д2 – заштитно зеленило
- Е1 – комунална инфраструктура
- Е2 – комунална супраструктура

Максималната висина на градбите изнесува Н мах = 21м

Со планот се одредени
- облик и големина на градежна парцела /м2/
- регулациона линија,
- градежна линија која го дефинира просторот во кој може да се гради,
- максимална површина за градба во која може да се развие основата на објектот /м2/
- процент на изграденост /%/,
- максимална развиена површина на објектот /м2/,
- коефициент на искористеност /К/,
-намена на објектот,
-максимална висина на објектот / до завршниот венец / од ниво на тротоар, сообраќајница или пристапна патека,
- паркирање-гаражирање на возилата во рамките на парцелите.

**Член 4**

Составен дел на оваа Одлука се:
- Текстуален дел ,
- Графички прилози
- Основни параметри за уредување на просторот о
- Табеларен приказ на урбанистичките параметри.

**Член 5**

Деталниот урбанистички план се заверува со потпис на Претседателот на Советот на Општина Карпош и со печат на Општина Карпош.

**Член 6**

Деталниот урбанистичкиот план со сите негови делови се чува во Секторот за просторно и урбанистичко планирање и проектрирање на Општина Карпош.

**Член 7**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош

**Број: 07-9210/2**
**Датум: 30.12.2014 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**м-р Сашо Лазаровски, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013 и 15/2014), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Решението за формирање на Комисија за изработка на Програмата за работа на Советот на Општина Карпош за 2015 година**

1.Се објавува Решението за формирање на Комисија за изработка за Програмата за работа на Советот на Општина Карпош за 2015 година, донесено на дваесет и седмата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 30 декември 2014 година.

2. Ова решение влегува во сила до денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 09-9317/2**
**Датум: 31.12.2014 год.**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/2002) и член 39, став 3 од Статутот на Општина Карпош („Службен весник на Република Македонија“ бр.1/2006, 8/2013 и 15/2014), а во врска со член 137 од Деловникот за работа на Советот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.3/2006) Советот на Општина Карпош, на дваесет и седмата седница одржана на 30 декември 2014 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за формирање на Комисија за изработка на Програмата за работа на Советот на Општина Карпош за 2015 година**

1. Заради изработка на Програмата на Советот на Општина Карпош за 2015 година, се формира Комисија во следниот состав:

| | |
|---|---|
| **Претседател** | **Сашо Лазаровски,** |
| **Членови** | **Цветанка Бајрактарева-Мишевска,** |
| | **Горан Михајлов,** |
| | **Марин Алексов и** |
| | **Владимир Кироски.** |

2. Ова решение влегува во сила наредниот денот од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**м-р Сашо Лазаровски**, с.р.

**Број: 07-9210/3**
**Датум: 30.12.2014 година**
**Скопје**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013 и 15/2014), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за долгорочно задолжување на Општина Карпош со заем кај финансиска институција бр.07-7665/10 од 12.11.2014 година и согласност за инструменти за обезбедување од Општина Карпош**

1.Се објавува Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за долгорочно задолжување на Општина Карпош со заем кај финансиска институција бр.07-7665/10 од 12.11.2014 година и согласност за инструменти за обезбедување од Општина Карпош, донесена на дваесет и седмата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 30 декември 2014 година.

2. Ова решение влегува во сила до денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 09-9317/3**
**Датум: 31.12.2014 год.**
**Скопје**

ГРАДОНАЧАЛНИК
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 1, а во врска со член 11, став 5 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.05/02), член 16, став 4 алинеја 1 од Законот за јавен долг („Службен весник на Република Македонија” бр. 62/05, 88/08, 35/11 и 139/14) и врз основа на Одлуката за долгорочно задолжување на Општина Карпош со заем кај финансиска институција бр.07-7665/10 од 12.11.2014 година, Советот на Општина Карпош, на дваесет и седмата седница, одржана на 30 декември 2014 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за изменување и дополнување на Одлуката за долгорочно задолжување на Општина Карпош со заем кај финансиска институција бр.07-7665/10 од 12.11.2014 година и согласност за инструменти за обезбедување од Општина Карпош**

**Член 1**

Во Одлуката за долгорочно задолжување на Општина Карпош со заем кај финансиска инстутуција бр.07-7665/10 од 12.11.2014 година донесена од Советот на Општина Карпош (во понатамошниот текст цитираната Одлука: Одлука), се дополнува член 1, така што по зборовите "160.000.000,00 денари", се додаваат зборовите „со рок на отплата 10 години од денот на првото користење, со каматна стапка од 6,2%, во кој е вклучен грејс период од 12 месеци ".

**Член 2**

Во Одлуката, после членот 1, се додава нов член 1-а, кој гласи:

„Како обезбедување на задолжувањето по основ на Договорот за кредит од член 1 на оваа Одлука се дава согласност Општина Карпош во корист на Комерцијална банка АД Скопје да воспостави заложно право врз следниот недвижен имот и тоа :

- Деловен објект на ул.Никола Русински бб Скопје (идна градба) на КП 1673/3 со вкупна површина од 5661 м2, евидентиран во Лист за предбележување на градба бр.79261 КО Карпош, идна сопственост на Општина Карпош и

- Правото на долготраен закуп врз земјиштето како и сите останати права поврзани со земјиштето на КП 1673/3 евидентирано во Имотен лист број 47864 КО Карпош согласно *Договор за засновање на право на долготраен закуп на градежно земјиште со непосредна спогодба бр.20-7236/091 заведен кај Општина Карпош под бр.03-4069/1 од 03.11.2009 година склучен помеѓу РМ - Министерството за транспорт и врски како закуподавец и Општина Карпош како закупец.*

Со донесувањето на оваа Одлука, се потврдува дека предметната недвижност цитирана погоре согласно Лист за предбележување на градба бр. 79261 КО Карпош не служи за вршење дејности од јавен интерес утврдени со закон и за заложување на истата не постојат ограничувања предвидени во член 18-а во Законот за финансирање на едници на локална самоуправа.

Како обезбедување на задолжувањето по основ на Договорот за кредит од член 1 на оваа Одлука се дава согласност Општина Карпош да издаде 3 (три) бланко сопствени акцептирани меници со менична изјава-согласност Банката да ги пополни и употреби за наплата без протест, уредени со нотарски акт и клаузула за извршност-акцептирани и трасирани од Општина Карпош како корисник на кредит.

**Член 3**

Во Одлуката, во членот 2, ставот 2, се менува и гласи:

„Се овластува Градоначалникот на Општина Карпош во име и за сметка на Општина Карпош да го склучи и потпише Договорот за одобрување на долгорочен кредит на износ од 160.000.000,00 денари со рок на отплата 10 години од денот на првото користење, во кој е вклучен грејс период од 12 месеци со Комерцијална банка АД Скопје, со намена за изградба, одржување, реконструкција и заштита на сервисни и станбени улици и други инфраструктурни објекти во надлежност на општината, изградба и одржување на јавно осветлување на станбени и сервисни улици, како и реконструкција и санација на објекти на општинските основни училишта и реконструкција и санација на јавни установи општински детски градинки на територијата на општина Карпош, да го склучи и потврди пред нотар Нотарскиот акт- Договор за залог на недвижен имот, со својство на извршна исправа потребен за запишување на заложното право во корист на Комерцијална Банка АД Скопје со сите извршни клаузули кои ги содржи тој Договор, Нотарскиот акт за меница со својство на извршност, акцептирана и трасирана од Општина Карпош, како и сета останата документација потребна за предметната работа за пред надлежен нотар.“

**Член 4**

Со донесување на оваа одлука се потврдува дека се исполнети условите за полноважно донесување на одлуки согласно важечките акти на Општина Карпош и законските одредби, се потврдува дека дополнителни согласности од други органи не се потребни, односно нема правни или било какви други пречки за реализирање на конкретната правна работа одобрена согласно оваа Одлука.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 07-9210/4**
**Датум: 30.12.2014 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**м-р Сашо Лазаровски, с.р.**

С О Д Р Ж И Н А

1. Одлука за донесување на Детален урбанистички план за Градска Четврт ЦС 15-Криви Дол, Општина Карпош-Скопје, со Решение за објава
2. Решение за формирање Комисија за изработка на Програма за работа на Советот за 2015 година, со решение за објава и
3. Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за долгорочно задолжување на Општина Карпош со заем кај финансиска институција бр.07-7665/10 од 12.11.2014 година и согласност за инструменти за обезбедување на Општина Карпош, со Решение за објава

**Издавач: Општина Карпош**
**Уредува: Сектор за правни работи**
**Адреса: ул.Радика бр.9, бараки бр.1 и бр.2**
**Тираж: 25 примероци**